РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

19 јули 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИ ОБРАСЦИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА СОВЕТИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/1**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) и член 9 став (4), член 10 став (1), став (2) и став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/18), Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИ ОБРАСЦИ
ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА СОВЕТИТЕ
НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат пропишани обрасци при спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа.

**Член 2**

Пропишани обрасци за спроведување на изборите за советите на облиците на месната самоуправа се:

- Образец - ПК/1 / 2018 ( предлог за кандидирање за член на Совет);
- Образец - СПК/1 / 2018 (согласност за прифаќање на кандидатура);
- Образец - ПУПП / 2018 (потврда од УЗ / МЗ за уреден прием на предлог за кандидат);
- Образец - ЗИП / 2018 (записник од изборен процес); и
- Образец - ИИП-1 / 2018 (извештај за набљудување на изборен процес).

**Член 3**

Пропишаните обрасци од член 2 на оваа одлука, се задолжителни за сите облици на месната самоуправа при спроведување на изборите и истите се дадени во прилог на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/3
од 16.07.2018 година
Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски, с.р.**

***Образец - ПК/1 - 2018***

Врз основа на член 10 став (1) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18 и 11/18), го поднесувам следниот

**П Р Е Д Л О Г З А К А Н Д И Д А Т**

за член на Советот на ________ заедница __________

Јас _______________ од Скопје, со адреса на ул.____________________ и лична карта број _________, се кандидирам за член на Советот на _________ заедница ____________________.

Кон предлогот приложувам:

- Лична карта на увид и
- Согласност за прифаќање на кандидатурата.

Скопје, __.__.20__ година.

**КАНДИДАТ ЗА**
**ЧЛЕН НА СОВЕТ,**

___________________

(име, презиме и своерачен потпис)

***Образец - СПК/1 - 2018***

Врз основа на член 10 став (2) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 8/18 и 11/18), ја давам следната

## СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА КАНДИДАТУРА

за член на Советот на ________ заедница __________

Јас _______________ од Скопје, со адреса на ул.____________________ и лична карта број _________,

**ЈА ПРИФАЌАМ** кандидатурата за член на Советот на _________ заедница ____________________.

Скопје, __.__.20__ година.

**КАНДИДАТ ЗА**
**ЧЛЕН НА СОВЕТ,**

____________________

(име, презиме и своерачен потпис)

***Образец - ПУПП - 2018***

**___________ ЗАЕДНИЦА ___________**
**бр._______ од __.__.20__ година**
С К О П Ј Е

__________ заедница __________, постапувајќи по поднесениот предлог за кандидат за член на Советот на __________ заедница __________ на лицето _____________ од Скопје, со адреса на ул.________________________ и лична карта број _________, врз основа на член 10 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 8/18 и 11/18), издава

**П О Т В Р Д А**

Со која __________ заедница ____________________ врз основа на факти за кои што води службена евиденција, **потврдува** дека :

Поднесен е предлог за кандидат за член на Советот на __________ заедница ____________________ на лицето _____________ од Скопје, со адреса на ул.____________________ и лична карта број _________ уредно примен:

**на ден ___.___.20___ година**

**во ___ часот и ___ минути,**

**и заведен под бр.________ од ___.___.20___ година.**

Оваа потврда се издава по службена должност за да му послужи на лицето при утврдување на кандидати за членови на Советот на __________ заедница ____________________ и за друго неможе да биде употребена.

Скопје, __.__.20__ година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ / СЕКРЕТАР,**

____________________

(име, презиме и своерачен потпис)

***Образец - ЗИП - 2018***

**З А П И С Н И К**

**ОД ОДРЖАНИОТ СОБИР НА ГРАЃАНИ ВО**
**_________ ЗАЕДНИЦА ____________________**
**НА ДЕН ___.___.20___ ГОДИНА**

Собирот на граѓани го отвори претседателот на Советот на __________ заедница ____________________ од стар состав ________________________ кој констатираше дека согласно Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 8/18 и 11/18) изборот на членовите на Советот во урбаните и месните заедници се врши со тајно гласање.

За избор на членови на Советот на __________ заедница__________, се предложени следните кандидати:

(се наведуваат кандидатите кои се пријавиле согласно Правилата)

**1.** __________________________________________
**2.** __________________________________________
**3.** __________________________________________
**4.** __________________________________________
**5.** __________________________________________
**6.** __________________________________________
**7.** __________________________________________
**8.** __________________________________________
**9.** __________________________________________
**10.**__________________________________________
**11.**__________________________________________
**12.**__________________________________________
**13.**__________________________________________
**14.**__________________________________________
**15.**__________________________________________
**16.**__________________________________________
**17.**__________________________________________
**18.**__________________________________________
**19.**__________________________________________
**20.**__________________________________________
**21.**__________________________________________
**22.**__________________________________________

Изборот на членови на Советот на __________ заедница ќе се врши со тајно гласање во периодот од ____ до ____ часот.

По сумирање на гласовите за членови во Советот на __________ заедница ____________________ со најголем број на гласови беа избрани:

**1.** ___________________________________________
**2.** ___________________________________________
**3.** ___________________________________________
**4.** ___________________________________________
**5.** ___________________________________________
**6.** ___________________________________________
**7.** ___________________________________________
**8.** ___________________________________________
**9.** ___________________________________________
**10.**___________________________________________
**11.**___________________________________________

Претседателот на Советот во стар состав им го честита изборот на новоизбраните членови на Советот на __________ заедница ____________________ и ги извести дека согласно член 17 став (2) од Правилата, мандатот на избраните членови на Советите на облиците на месната самоуправа (**од кога новоизбраните членови ќе можат да ја одржат својата прва (конститутивна) седница и да изберат претседател на Советот**) започнува од денот на усвојувањето на извештаите од спроведените избори во облиците на месната самоуправа, поднесени од именуваните службеници и советници од член 9 став (5) на Правилата, од страна на Советот на Општина Гази Баба.

Записникот од првата седница на Советот на __________ заедница ____________________ треба да биде доставен во локалната самоуправа на Општина Гази Баба следниот ден по одржувањето на седницата.

Претседателот на Советот во стар состав, го заклучи собирот на граѓани за избор на членови на Советот на __________ заедница ____________________ во _______часот.

Записникот уредно воден се состои од __ ( __________ ) страници. Истиот е прочитан на присутните на собирот и забелешки не беа дадени.

Во Скопје, __.__.20__ година.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**________ ЗАЕДНИЦА _________**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ,**

_____________________________

(име, презиме и своерачен потпис)

(Приемен штембил) ***Образец - ИИП / 2018***

**ОД**
**СЛУЖБЕНИК** ___________________________

**ЗВАЊЕ:** _________________________

**СЕКТОР/ОДДЕЛЕНИЕ:** ___________________________

**ЧЛЕН НА СОВЕТ** ___________________________

**ЧЛЕН НА СОВЕТ** ___________________________

**ДО: ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**ДО: СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 9 став (5) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18 и 11/18), точка __ од решението за именување на службеници за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-_______ од __.__.20__ година и Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/18), го поднесуваме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС,**

**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА**

**__________ ЗАЕДНИЦА ______________________**

**1. ТЕК НА ИЗБОРЕН ПРОЦЕС**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
___________________________________________________________.

2. **УСОГЛАСЕНОСТ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС** (Со Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба и примена на пропишани обрасци)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
___________________________________________________________.

3. **ЗАБЕЛЕШКИ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС**

____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
___________________________________________________________.

4. **ПРЕДЛОГ ДО СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Согласно изнесеното, се предлага Советот на Општина Гази Баба да го усвои извештајот и:

**А. ДА ГО ПОТВРДИ ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И МАНДАТИТЕ НА ИЗБРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ**

**Б. ДА ГО ПОНИШТИ ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС**

Скопје, __.__.20__ година.

Со почит,

**СЛУЖБЕНИК,**

________________________
(своерачен потпис)

**СОВЕТНИК,**

________________________
(своерачен потпис)

**СОВЕТНИК,**

________________________
(своерачен потпис)

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

1. Се објавува Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/2**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) и член 9 став (5) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18), Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

### Член 1

Со оваа одлука се определуваат членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа.

### Член 2

Определени членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа, поединечно за секој од облиците на месната самоуправа се:

| Р.Б | НАЗИВ НА ОБЛИКОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА | НАБЉУДУВАЧИ |
|---|---|---|
| 1. | УЗ ЖЕЛЕЗАРА | Ивица Петровски<br>Мартина Наумовска |
| 2. | УЗ АВТОКОМАНДА | Александар Трајковски<br>Милица Бубало |
| 3. | УЗ ЌЕРАМИДНИЦА | Валентина Петровска<br>Слаѓана Симеонова - Василковска |
| 4. | УЗ ТРИАНГЛА | м-р Живко Белчев<br>Софија Сетинова |
| 5. | УЗ ЈАНЕ САНДАНСКИ | Андреа Најденовски<br>Берат Весел |
| 6. | УЗ ХИПОДРОМ | Злата Ташевска<br>Слаѓана Симеонова - Василковска |
| 7. | УЗ КРСТЕ МИСИРКОВ | Елизабета Стојменова<br>м-р Мартин Ристов |
| 8. | УЗ МАЏАРИ 1 | Благе Данев<br>Сашко Цветковски |
| 9. | УЗ МАЏАРИ 2 | Благој Атанасов<br>Софија Сетинова |
| 10. | УЗ КИРИЛ ПЕТРУШЕВСКИ | Милка Видовска<br>Милица Бубало |
| 11. | МЗ ПИТУ ГУЛИ | д-р Сашо Кутлешовски<br>м-р Мартин Ристов |
| 12. | МЗ ИНЏИКОВО | д-р Сашо Кутлешовски<br>Расим Али |
| 13. | МЗ БРЊАРЦИ | Дијана Илиевска<br>Зоран Ѓорѓевиќ |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | МЗ ЦРЕШЕВО | Тони Бојковски<br>Ѓоре Стојковски |
| 15. | МЗ СМИЉКОВЦИ | Благој Атанасов<br>Дејан Димитровски |
| 16. | МЗ БУЛАЧАНИ | Тони Бојковски<br>Јорданчо Тодосиев |
| 17. | МЗ РАШТАК | Ивица Петровски<br>Сашко Цветковски |
| 18. | МЗ ВИНИЧЕ | Дијана Илиевска<br>Берат Весел |
| 19. | МЗ СТАЈКОВЦИ | Злата Ташевска<br>Зоран Ѓорѓевиќ |
| 20. | МЗ СТРАЧИНЦИ | Тони Бојковски<br>Расим Али |
| 21. | МЗ АЛИЈА АВДОВИЌ | Андреа Најденовски<br>Зоран Стојанов |
| 22. | МЗ ЈУРУМЛЕРИ | Александар Трајковски<br>Зоран Стојанов |
| 23. | МЗ ТРУБАРЕВО | м-р Живко Белчев<br>Дејан Димитровски |
| 24. | МЗ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | Елизабета Стојменова<br>Мартина Наумовска |
| 25. | МЗ КОЛОНИЈА | Милка Видовска<br>Јорданчо Тодосиев |
| 26. | МЗ ИДРИЗОВО | Благе Данев<br>Ѓоре Стојковски |

**Член 3**

Определените членови на Советот на Општина Гази Баба од член 2 на оваа одлука се должни да го подготват и набљудуваат изборниот процес во согласност со Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба и заедно со државните службеници од општинската администрација именувани од Градоначалникот на општината, уредно да ги пополнат и достават извештаите за набљудување на изборниот процес (Образец - ИИП/2018) за секој од облиците на месната самоуправа.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3094/4**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПОТПРОЕКТ: "УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ВИЗИБИЛНОСТ, НА ДЕСТИНАЦИЈА - СКОПСКА ЦРНА ГОРА И КУМАНОВСКИОТ РЕГИОН"**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/3**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со вториот повик за изразување на интерес - Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) - инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите ЛРЦП-1/18, Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ПОТПРОЕКТ: "УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ВИЗИБИЛНОСТ, НА ДЕСТИНАЦИЈА - СКОПСКА ЦРНА ГОРА И КУМАНОВСКИОТ РЕГИОН"**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион".

**Член 2**

Потпроектот од член 1 на оваа одлука ќе се изготви со партнерство на Општина Гази Баба со "Факултет за туризам и бизнис логистика" при Универзитет "Гоце Делчев" - Штип и НУ "Музеј" - Куманово.

**Член 3**

Вкупната вредност на потпроектот од член 1 од оваа одлука, на делот за кој аплицира Општина Гази Баба е 6.168.520,00 денари, без вклучен ДДВ.

**Член 4**

Финансиското учество на Општина Гази Баба (кофинансирање) се определува на 11,23 % од вкупната вредност на потпроектот и изнесува 693.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

**Член 5**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, да ја спроведе постапката за поднесување на потпроектот од член 1 од оваа одлука до единицата за спроведување на Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК).

**Член 6**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион" (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/17).

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/5**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКИТЕ ПАТЕКИ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА**

1. Се објавува Одлуката за давање овластување на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/4**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со вториот повик за изразување на интерес - Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) - инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите ЛРЦП-1/18 и Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион", Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКИТЕ ПАТЕКИ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба му дава овластување на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје, за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора.

**Член 2**

Планинските патеки од членот 1 на оваа одлука - вкупно 5 (пет), се наоѓаат на подрачјето на Општина Гази Баба во делот на Скопска Црна Гора и тоа:

- 2 (две) планински патеки се наоѓаат во КО Црешево,
- 2 (две) планински патеки во КО Раштак,
- 1 (една) планинска патека во КО Булачани.

**Член 3**

Овластувањето за одржување на планиските патеки од членот 1 на оваа одлука, е во функција на исполнување на условите за аплицирање по однос на вториот повик за изразување на интерес - Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) - инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите ЛРЦП-1/18.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање овластување на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.5/17).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/6**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/5**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 2 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје, бр.02-107/3 од 05.07.2018 година, Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ''ГАЗИ БАБА-2007'' - Скопје, бр.02-107/3 од 05.07.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/7**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИЕМ ВО СОПСТВЕНОСТ И ПРЕДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА НОВОИЗГРАДЕНА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА И РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА, ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РАШТАК**

1. Се објавува Одлуката за прием во сопственост и предавање на користење, употреба и одржување на новоизградена примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/6**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (''Службен весник на РМ'' бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/155 и 31/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИЕМ ВО СОПСТВЕНОСТ И ПРЕДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА НОВОИЗГРАДЕНА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА И РЕЗЕРВОАР ЗА ВИСОКА ЗОНА, ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РАШТАК**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба ја прима во сопственост и предава на користење, употреба и одржување новоизградената примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак и се уредуваат условите и начините за снабдување со вода за пиење, прекинување на снабдувањето со вода за пиење и одржувањето, заштитата и приклучувањето на водоводниот систем за водоснабдување, како и надзор над спроведување на оваа одлука.

**Член 2**

Новоизградената примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак, од член 1 на оваа одлука, е изграден во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги МСИП- Подпроект - Изградба на прва фаза од примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак-финансиран со неповратни средства од Европската Комисија од програмата за рурален развој, администриран од Светска банка, имплементиран од Министерство за финансии преку договор за грант со број :МСИП/ИПА/17.

Вкупната вредност на проектот е 8.478.329,00 денари.

**Член 3**

Се предава на користење, употреба и одржување новоизградената примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак, од член 1 на оваа одлука, на давател на услугата - ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје, во понатамошниот текст - давател на услугата.

**Член 4**

ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје како давател на услугата е одговорно за законското користење и располагање со водоснабдителниот систем, како и за објектите, уредите и постројките кои се во негов состав.

**Член 5**

Давателот на услугата врши:

- трајно и непрекинато снабдување со вода за пиење, со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата; и
- управување и одржување на водоснабдителниот систем.

За вршење на дејностите од ставот (1) на овој член, давателот на услугата и корисникот на услугата склучуваат договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 6**

- Давателот на услугата обезбедува:
- заштита и подобрување на водоснабдителниот систем и одржување и подобрување на неговото техничко-технолошко и економско единство;
- ефикасно, трајно, уредно и континуирано задоволување на потребите на корисниците на услугите со вода за пиење;
- обезбедување на квалитетот на водата за пиење, согласно законските нормативи и стандарди, и континуирано врши испитување на здравствената исправност;
- применување на принципите на покривање на реалните трошоци во работењето и пристапност / достапност на цената на услугата;
- усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
- функционална поврзаност со водостопанскиот систем на другите водоснабдителни системи, и
- заштита на потрошувачите / корисниците на услугата.

**Член 7**

Давателот на услугата преку органите на управување, а во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат ова материја, ја утврдува висината на надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем.

**Член 8**

Согласност на висината на надоместокот за приклучување од член 7 на оваа одлука, дава Советот на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Се задолжува секторот за финансиски прашања по влегување во сила на оваа одлука, новоизградената примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак, од член 1 на оваа одлука, да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција на општината.

**Член 10**

Надзор над спроведување на оваа одлука врши општинската администрација.

**Член 11**

За сè што не е регулирано со оваа одлука ќе се применуваат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/8**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/7**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 34 од Законот за буџетите (''Службен весник на РМ'' бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Подставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕОО ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | -760.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424110 Поправка и сервисирање на лесни возила | -320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 2.180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕАО КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 486110 Купување на возила | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/9**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавуваат Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ги донесе на седницата одржана на ден 16.07.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3239/8**
**од 18.07.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 98 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

# П Р А В И Л А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Во Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.09-1937/4 од 07.05.2018 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/18), член 10 став (1) се менува и гласи:

''Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој граѓанин од подрачјето на обликот на месната самоуправа, кој има избирачко право, најдоцна 5 (пет) дена пред денот определен за гласањето, согласно одлуката за распишување на избори, во писмена форма.''

**Член 2**

Член 12 се менува и гласи:

''За кандидат за член на советот на обликот на месната самоуправа, може да се пријави секој граѓанин од подрачјето на урбаната односно месната заедница, кој има избирачко право.''

**Член 3**

Член 14 став (1) се менува и гласи:

''Пријавувањето за кандидати за членови на советот на обликот на месната самоуправа се врши на определени неработни денови.

По став (1) се додава нов став (2) кој гласи:

''Гласањето за членови на советот на обликот на месната самоуправа се врши на определени неработни денови за гласање, во период од 17 до 20 часот.''

**Член 4**

Овие правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3094/10**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа . . . . . 4

**ОДЛУКА** за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа . . . . . 13

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во потпроект - "Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност, на дестинација - Скопска Црна Гора и кумановскиот регион"; . . . . . 16

**ОДЛУКА** за давање овластување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за одржување на планинските патеки на Скопска Црна Гора . . . . . 18

**ОДЛУКА** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . 20

**ОДЛУКА** за прием во сопственост и предавање на користење, употреба и одржување на новоизградена примарна и секундарна водоводна мрежа и резервоар за висока зона, во населеното место Раштак . . . . . 22

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година . . . . . 25

**ПРАВИЛА** за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . 27


**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/18**
**12 седница**


Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци